Република Македонија
Општина Новаци
Бр. 03-95/1
23.01.2018 год.
Новаци

**ОПШТИНА НОВАЦИ**

**Врз основа на Методологија за определување на критериуми за доделување на финансиска помош на здруженија на граѓани и фондации од Буџетот на општина Новаци бр.14-478/9 од 31.05.2016 година,објавува**

# ЈАВЕН ПОВИК

## за прибирање на барања за користење средства од Буџетот на Општина Новаци за 2018 година, наменети за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации

Распределбата на средствата од Буџетот на Општина Новаци за 2018 година, од програмата АО, подставка 463110 - Трансфери до здруженија и фондации, наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите ќе се врши врз основа на критериумите и приоритетите дадени во овој повик.

**1. Видот на проектите кои ќе бидат подржани**

Средствата од Буџетот на Општина Новаци ќе се користат за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации.
Здруженијата и фондациите треба да понудат креативни и иновативни проекти со осмислени програми и содржини кои можат да се имплементираат во Општина Новаци во областите:локален економски развој,образованието, културата, техниката, науката, здраството,спортот, екологија и други области

**2. Предвидени средства**

За финансирање на понудените програмски активности, согласно овој повик, ќе се користат средства од Буџетот на Општина Новаци за 2018 година.

**3. Доставување извештај**

Здруженијата и фондациите на кои ќе им бидат доделени средства , по завршувањето на своите програмски активности да достават извештај за користењето на средствата до Оделение за финански прашања на Општина Новаци.

**4. Основни критериуми**

Основни критериуми кои треба да ги исполнуваат здруженијата и фондациите кои ќе учествуваат на овој повик се:

-Да се регистрирани според Законот за здруженија и фондации при што приоритет имаат здруженијата/фондациите со седиште во Новаци, или од други општини под услов ефектите од проектите да придонесуваат кон подобрување на квалитетот на живот во општина Новаци.

-Да се занимаваат со активности и проекти од јавен интерес во согласност со актуелните стратешки документи на општината

**5. Потребна документација која здружението/фондацијата треба да ја достави кон Пријавата за финансиска подршка на здруженија и фондации.**

Здруженијата и фондациите кои учествуваат на огласот треба да достават:

1. Пријава за финансиска подршка; кој може да се симне од веб страницата на општина Новаци
www.opstinanovaci.gov.mk , за општината,обрасци
2. Предлог проект;
3. Статут и решение за регистрација на здружението или фондацијата;;
4. Активна трансакциска сметка на здружението или фондацијата кое се пријавило на јавниот повик на која можат да се префрлат добиените средства.
5. Годишна програма на активности за 2018 година
6. Извештај за добиените средства од општина Новаци во изминатата фискална година 2017 година, и начинот на нивна реализација, кој може да се симне од веб страницата на општина Новаци
www.opstinanovaci.gov.mk , за општината, обрасци

***Напомена: Пријавите со непотполна документација или пријавите доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.***

**6. Рок и начин на доставување на пријавите.**

Рок за поднесување на пријавите е 20 (дваесет) дена од денот на објавување во весник или медиум и на веб страницата на Општина Новаци.
Пријавата со целокупната документација може да се достави преку пошта, на адреса:

Општина Новаци
с.Новаци
или во архивата на Општина Новаци од 07:30 до 15:30 часот.

Здруженијата и фондациите учесници на Јавниот повик ќе бидат известени за резултатите по објавувањето на Одлуката за распределба на средствата во Службен гласник на Општина Новаци

Називите на здруженијата и фондациите кој добиле средства, ќе бидат објавени на веб страницата на Општина Новаци

Изработил: Ристе Момоковски

Контролирал: Стевче Ангелевски

Општина Новаци

Градоначалник

Љубе Кузманоски